Република Северна Македонија

**Министерство за труд**
**и социјална политика**

- Интер ресорска консултативна и советодавна група за еднакви можности на жените и мажите-

Архивски број: 17-6878/1
Датум: 18-09-2019

До:
**Министерство за образование и наука**
Министер, Арбер Адеми
**Биро за развој на образованието**
Директор, Зеќири Хасипи
**Педагошка служба**
Директорка, Вања Изова Велева

**Предмет:** Заклучоци од одржана седница на Интер ресорската група

Почитувани,

Интер ресорската група за еднакви можности на жените и мажите, која е формирана со Одлука на Владата на Република Северна Македонија, на 6.09.2019 година одржа состанок на кој се разговараше за родовите стереотипи и предрасуди кои постојат во учебниците, а на кои неколку години реагираат граѓанските организации и родителите на децата кои учат од овие учебници.
На состанокот беа повикани и присуствуваа и претставничка од кабинетот на министерот за образование и наука, директорката на Педагошка служба и претставничка на Бирото за развој на образованието, како и членовите на Интер ресорската група.

Од дискусиите на сите присутни на состанокот произлегоа следниве заклучоци:

1. Сите присутни се согласија дека неопходно е да се направи сеопфатна ревизија на учебниците, наставните планови и програми од аспект на родовата еднаквост и недискриминацијата


Министерство за труд
и социјална политика на
Република Северна Македонија

Ул. „Даме Груев“ бр. 14, Скопје
Република Северна Македонија

+389 2 3106 212
www.mtsp.gov.mk
e-mail: mtsp@mtsp.gov.mk

- Интер ресорска консултативна и советодавна група за еднакви можности на жените и мажите-

2. Сите присутни се согласија дека е неопходно да се обезбеди системски пристап кон ревидирањето на учебниците, наставните планови и програми од аспект на родовата еднаквост и недискриминацијата
3. Интер ресорската група да ги собере сите достапни анализи (Секторот за еднакви можности, граѓански сектор-Маргини) и врз основа на истите да достави допис до Министерството за образование и наука, Предагошката служба и Бирото за развој на образованието.
4. за детектираните стереотипни содржини и содржини кои се сексистички и навредливи за жените и девојчињата, за да можат да бидат земени предвид при планирањето на наставните содржини и плановите во 2020 година
5. Да се достави до Интер ресорската група предлог Концепцијата за наставните планови која ја подготвува во моментот Бирото за развој на образованието и истата да биде искоментирана од членовите на ИРГ од аспект на воведување на процедури со кои ќе се осигура дека во иднина учениците нема а содржат родови стереотипи и дискриминација (службена адреса на Инртер ресорската група на кој е потребно да се испрати документот е: interresorska@mtsp.gov.mk ).
6. Да се достави предлог текстот на Законот за учебници кој го подготвува Педагошката служба на коментари до ИРГ дискриминација (службена адреса на Инртер ресорската група на кој е потребно да се испрати документот е: interresorska@mtsp.gov.mk ).
7. МТСП има обврска за сликовници и други прирачници кои ќе се употребуваат во предшколските установи да бара мислење од Бирото за развој на образованието. Покрај од Бирото за развој на образованието, да се воспостави интерна процедура во МТСП да бидат разгледувани и од Секторот за еднакви можности, од аспект на еднаквоста и недискриминацијата.
8. Да се вклучи лице од Секторот за еднакви можности во работната група што ја формира Педагошката служба за давање на мислење по учебниците од аспект на родова еднаквост и недискриминација.
9. Министерството за образование и наука да ја испита можноста за доставување на допис или сличен документ до училиштата, кој ќе содржи инстукции за начинот на кој треба да се обработуваат содржините во кои има родови стереотипи, со цел истите критички да се претстават и да поттикнат дискрусија за родовата еднаквост. МОН дополнително ќе ја информира ИРГ. Дописот е времена мерка додека не се повлечат спорните учебници.


Министерство за труд
и социјална политика на
Република Северна Македонија

Ул. „Даме Груев" бр. 14, Скопје
Република Северна Македонија

+389 2 3106 212
www.mtsp.gov.mk
e-mail: mtsp@mtsp.gov.mk

Република Северна Македонија

**Министерство за труд**
**и социјална политика**

- Интер ресорска консултативна и советодавна група за еднакви можности на жените и мажите-

За ваша информирање Ви ги доставуваме заклучоците и се надеваме дека по истите ќе биде постапено.
Интер ресорската група во наредниот период ќе ви ги достави и достапните анализи со текстови кои се со стереотипни содржини и текстови со содржини кои се сексистички и навредливи за жените и девојчињата.

Со почит,

Координатор на ИРГ
ЈованаТренчевска

Министер
Мила Царовска



Министерство за труд
и социјална политика на
Република Северна Македонија

Ул. „Даме Груев" бр. 14, Скопје
Република Северна Македонија

+389 2 3106 212
www.mtsp.gov.mk
e-mail: mtsp@mtsp.gov.mk